**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година.**

Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, Одделението за јавни дејности при Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година согласно програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година ги има реализирано следните активности:

Активностите во програмата се во три области социјална, детска и здраствена заштита.

**Во делот за социјална заштита**

1. Обезбедување на еднократна парична помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на доставено барање од странката.

За остварување на оваа активност Советот на Општина Крива Паланка има донесено Одлука за одобрување на финасиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична помош и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни немпогоди и несреќи, лица неспособни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката“ со број 09-543/11 од 31.01.2025 година и Правилник за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократен парична помош и помош во градежен материјал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка со бр.09-4665/79 од 07.12.2022 година на Советот на Општина Крива Паланка и Општина Крива Паланка има формирано Комисијата за утврдување на постоење на социјален ризик и увид на лице.

Лицата кои ги исполнуваат условите во Архивата на Општина Крива Паланка поднесуваат Барања со целосна документација по Правилникот и Комисијата ги разгледува и одлучува по истите.

За оваа активност се поднесени 26 барања, 16 барања се одобрени, а 10 барања не се одобрени бидејќи не се целосни или лицата не ги исполнуваат условите.

Во оваа активност се предвидени 300.000, 00 денари, а се потрошени 50 000,00 денари, по основ на доставени барања.

2. Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

Во оваа активност се реализирани следните активности - Еднодневна екскурзија и ручек за штитениците од Дневниот центар за лицата со интелектуална и телесна попреченост

Во овој дел се предвидени 30 000 ,00 денари.

Активноста е реализирана преку спонзорство.

За активноста доделување на 3 000 денари на лице со попреченост по основ на барање, во Акцискиот план во табела 1- во точка 2 за став 2 беа предвидени 500 000 денари од кои 250 000 денари се пренаменети во областа Социјална заштита во точка 6 „Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

помош од социјална заштита и зацоијално загрозени лица„.Преостанатите средства од 250 000, 00 денари, не се реализирани.

3. Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица-Општинска Организација Црвен Крст-Крива Паланка.

Реализирани основни и инструментални активности според Законот за Социјална заштита од страна на Давателот на социјални услуги Општинската Организација Црвен Крст-Крива Паланка.

Опфатени се околу 100 корисника, стари и изнемоштени лица во нивните домови, а се вклучени 40 негуватели за стари и изнемоштени лица.

Финансиските средства се озбезбедени од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Финасиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка се предвидени 50 000, 00 денари, а истата не е реализирана.

4. Аплицирање и импементација на проекти од МТСП, АВРМ, УНДП за Општинско корисна работа 2025/2026 не е реализирана бидејќи УНДП не објави Јавен повик за учество на општините.

5.Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице).

По основ на Барање од страна на лицето или родителот, старателот итн.

За остварување на оваа активност Советот на Општина Крива Паланка има донесено Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице) и Правилник за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократен парична помош и помош во градежен материјал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка со бр.09-4665/79 од 07.12.2022 година на Советот на Општина Крива Паланка и Општина Крива Паланка има формирано Комисијата за утврдување на постоење на социјален ризик и увид на лице место.

Активноста се реализира со поднесување на барање преку архивата на Општина Крива Паланка а Комисијата ги разгледува и одлучува по истите согласно Правилникот.

За оваа активност се предвидени 300 000, 00 денари, од страна на 31 лица се поднесени Барања со целосна документација на 28 лица им се одобрени Барањата со целосна документација. Финансиски средства се исплатени на 27 лица, а на 1 лица се исплатени во јануари 2026 година бидејќи кон крајот на Декември 2025 година имаат доставено Барање), на 3 лица не се одобрени Барањата од причини што не ги исполнуваат условите.

Вкупно потрошени финансиски средства за оваа активност се 187 454, 00 денари.

6. Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.

Општина Крива Паланка преку Јавен повик врши вклучување на лица кои се приматели на гарантитрана минимална помош и невработени лица за извршување на јавни работи на територија на Општина Крива Паланк, а преку формирана Комисија за избор на лица-корисници на гарантирана минимална помош и социјално загрозени невработени лица за вршење на јавни работи во Општина Крива Паланка врши избор на пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите за учество во активноста.

Предвидени се 1 250. 000, 00 денари, потрошени се 1 085 018 денари. (заклучно со 30.11.2025 година). Средставта за месец декември 2025 во износ од 87.203 денари се исплаќаат во јануари 2026 година.

7. За остварување на активноста „Ваучер за купување гардероба за деца или лица кои се под старателство и деца или лица кои се сместени/згрижени во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството“ Советот на Општина Крива Паланка донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Ваучер за купување гардероба на лица корисници на услугата Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица од згрижувачки семејства“ евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка со број 09-2973/11 од 29.05.2025 година;

Активноста ја спроведе Општинската организација Црвен крст-Крива Паланка, каде Општина Крива Паланка склучи Договор за доделување на финансиски средства на ОО Црвен крст-Крива Паланка за програмска активност со број 08-3473/1 од 03.06.2025 година;

Општина Крива Паланка достави -Барање на податоци до ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка за бројот на лицата кои се опфатени во активноста 31-2847/1 од 16.05.2025 година;

ОО Црвен Крст-Крива Паланка достави барања за понуди до фирми ја избра најсоодветната фирма и склучи Договор со истата.

Според евиденцијата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи лицата кои ги исполнуваат условите во предвидената активност на 26 лица, а по поднесено барање за Ваучер за купување гардероба во вредност од предвидената сума 8 000, 00 денари, а по понудата од фирмата беа доделени ваучери од 7 710, 00 денари за машки и 7 610, 00 за женски корисници/лица кое ги исполниле условите и е во евиденција во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка.

Во оваа активност беа предвидени 200 000, 00 денари , а се потрошени 199 060, 00 денари.( разликата од предвидени до потрошени средства од 940,00 денари се вратени на сметка на Општина Крива Паланка)

8. Дневен Центар за стари лица со активно стареење, во рамки на давателот на социјална услуга ОО Црвен Крст-Крива Паланка.

Вклучени 50 корисника во забавни и рекреативни секојдневни активности за активно и здраво стареење од страна на Давателот на социјалната услуга ОО Црвен Крст-Крива Паланка и два координатора за испорака на социјална услуга.

Финансиски средства обезбедени од Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка се предвидени 60 000,00 денари, не се потрешени бидејќи активноста не е реализирана.

9.Дом за стари лица не е реализирано.(прекината постапка)

10.Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право од социјана заштита односно гарантирана минимална помош (по доставено барање со целосна документација од странката/корисникот на ГМП). Општина Крива Паланка направи измена и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година со број 09-534/5 од 31.01.2025 година и го регулираше ова право, но во текот на 2025 година нема доставено Барање и документрација од страна на лица кои имаат потреба или ги исполнуваат условите поради тоа за оваа активност немаме потрошени средства во 2025 година.

**Во делот за детска заштита**

Еднократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства по основ на доставено барање од странката не е реализирано бидејќи нема доставено барање. Предвидени 150.000,00 денари. Активноста не е реалзирана.

Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација.

Од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

3. Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка (6.000,00 денари за секое новороденче) по основ на барање од страна на родителот.

Поднесени се 93 Барања и истите се одобрени и исплатени во нето износ од 6.000, 00 денари за секое новороденче чии родители се со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.

За активноста се предвидени 600 000, 00 денари, а заклучно со 31.12.2025 година потрошени се 460 024, 00 денари за 76 новороденчиња. Останатите се исплатени во јануари 2026 година.

4.Финансиска поддршка за летување на деца.

За реализиацција на оваа активност, Општина Крива Паланка најпрво објави Јавен Повик за прибирање на пријави за финансиска поддршка за реализација на предвидената мерката, до здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти од обласа на социјалната, детската и здраствената заштита. (31-757/1 од 05.02.2025 година),

Комисија за спроведување на Јавен повик за прибирање на пријави за финансиска поддршка за реализација на мерка–Финансиска поддршка за летување на деца на одржан состанок и разгледување на пријавата со целосната документација констатираше уредно доставена пријава и ја избра истата за спороведување на активноста.

Советот на Општина Крива Паланка донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на Сојузот за грижи и воспитување на деца на МакедонијаСкопје за реализација на програмска активност „Финансиска поддршка за летување на деца со број 09-3697/3 од 20.06.2025 година".

Општина Крива Паланка според Правилник за критериумите, начинот и постапката за стекнување на правото за користење на услугата за бесплатно летување на деца кои потекнуваат од семејства во социјален ризик на територија на Општина Крива Паланка со број 31-2560/1 од 30.04.2025 година објави Јавен повик за пријава од страна на деца кои ќе ги исполнат условите и ќе одат на бесплатно летување.

Во оваа активност се предвидени 500 000,00 денари, потрошени се 484 000, 00 денари за вкупно 44 деца кои ги исполниле условите.

5. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца. Доделени новогодишни пакетчиња на децата во предучилишното воспитание во ОЈУДГ „Детелинка". Предвидени се 150 000, 00 денари и потрошени се150 000, 00 денари.

**Во делот за здраствена заштита :**

1.Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување по основ на доставено барање.

За остварување на оваа активност Советот на Општина Крива Паланка донесе Одлука за одобрување финансиски средства за програмска активност „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување" со број 09-534/7 од 31.01.2025 година и има донесено Правилник за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократен парична помош и помош во градежен материјал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка со бр.09-4665/79 од 07.12.2022 година на Советот на Општина Крива Паланка и Општина Крива Паланка има формирано Комисијата за утврдување на постоење на социјален ризик и увид на лице место.

Активноста се реализира со поднесување на барање преку архивата на Општина Крива Паланка а Комисијата ги разгледува и одлучува по истите согласно Правилникот.

За оваа активност барања има поднесено 13  лица, 9 лица го имаат остварено правото, а 3 лица немаат остварено право бидејќи нема целосна документација или не ги исполнуваат условите.

Во оваа активност се предвидени 150.000, 00 денари,  а се потрошени 30 000, 00 денари, по основ на доставени барања.

2. Аплицирање на проекти за формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби(аутизам, даунов синдром..), Активноста не е реализирана.

| | |
|---|---|
| Потрошени средства од Буџетот на Општина за активности во областа на Социјална заштита во 2025 година | 1.521,532 денари |
| Потрошени средства од буџетот на Општина за активности во областа на детска заштита во 2025 година | 1.094,024 денари |
| Потрошени средства од буџетот на Општина за активности во областа на здравствена заштита во 2025 година | 30.000 денари |
| **ВКУПНО** | **2.645,556 денари** |

**Датум/место**
**20.02.2026Крива Паланка**

**Изработил: Соработник за здраствена, социјална и детска заштита**
**Елена Христовска**
**Одделение за Јавни дејности**
**Раководител:Даниела Милошевска**

**Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот**
**Раководител: Даниела Велковска**

**ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА**

| **1** | **ЦЕЛ: Подобрување на условите и квалитетот на живеење на лицата кои се опфатени во предвидените активности и лицата кои ги исполнуваат условите.** | | |
|---|---|---|---|
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| Обезбедување на еднократна парична помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни заработа, лица со попречености, стари лица по основ на доставено барање од странката. | Доделени финансиски средства по основ на доставено барање и целосна документација | Подобрување на квалитетот на живеење преку обезбедување на еднократна парична помош.<br>8-мажи<br>7-жени | Потрошени 50.000,00 денари |
| Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост. | Еднодневна екскурзија и ручек за штитениците | Социјализација и инклузија на психосоцијалната благосостојба на корисниците и подигнување на свеста за значењето и почитувањето на правата на лицата со попреченост.<br>10-жени<br>9-мажи | Реализирана (спонзорство) |
| Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице). По основ на | Доделени финансиски средства по основ на доставено барање и целосна документација од лицето кое ги исполнува условите. | Подобрување на квалитетот на живеење на лицата преку обезбедување на еднократна парична помош за лица со попречености, вклучувајќи лица со тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и | Потрошени 187 454, 00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Барање од страна на лицето или родителот, старателот итн. | | менталниот развој, аутизам, потполно слепи и потполно глуви лица)<br>14-мажи<br>14-жени | |
| Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица. | Вклучени на пазарот на трудот лица кои се со ниски квалификации и лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. | Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот.<br>Вклучени 7 мажи и 6 жени | Потрошени<br>1. 085 018 денари |
| Ваучер за купување гардероба за деца или лица кои се под старателство и деца или лица кои се сместени/згрижени во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството. | Доделени 26 ваучери за купување на гардероба во вредност предвидени по 8000, 00 денари, а по понудата на фирмата износот на Ваучерот за машки лица изнесуваше 7 710,00 и 7 610, 00 МКД. | Подобрување на условите за живот на лицата корисници на услугите на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и сместени во згрижувачки семејства.<br><br>14-жени<br>12 мажи | Потрошени<br>199 060, 00 денари |
| **2 ЦЕЛ: Помош за новороденo дете, деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители** | | | |
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација. | Вклучени деца Роми во ОЈУДГ „Детелинка“ | Подобрување на квалитетот на животот на децата Роми.<br>Вклучени 2 деца Роми (2 девојчиња/0 момчиња) | Буџет од Министерство за социјална политика, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | демографија и млади(блок дотации) |
| Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка (6.000 МКД за секое новороденче) по основ на барање од страна на родителот | Доделени финансиски средства по 6000, 00 МКД за сите новороденчиња на кои родителите доставиле барање со целосна документација. Вкупно 93 барања. | Остварена финансиска поддршка за семејствата со новороденче 46-машки 47-женски | Потрошени 460 024, 00 денари. |
| Финансиска поддршка за летување на деца | Финансиски средства и организација за летен одмор во Охрид, 6 ноќевања со полн пансион и културно, едукативна и забавна програма за 44 деца кои се јавиле на Јавен конкурс и кои ги исполниле условите. | Подобрени условите за живот и подобра социјализација на децата. 20-машки 24-женски | Потрошени 484 000, 00 денари |
| Доделување на новогодишни пакетчиња за деца. | Доделени новогодишни пакетчиња на децата во предучилишното воспитание во ОЈУДГ „Детелинка“. | Зајакнување на социјалната кохезија и позитивниот однос на Општина Крива Паланка кон децата и семејствата во заедницата. Доделени пакетчиња на 163-момчиња и 155-девојчиња | Потрошени 150 000, 00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | **ЦЕЛ: Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, лица болни, лица кои се опфатени со болнички третмани, стари лица, лица во лоша здраствена состојба и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци.** | | |
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| 1.Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување по основ на доставено барање. | Доделени финансиски средства по основ на доставено барање и целосна документација од лицето кое ги исполнува условите. | Обезбедена финансиска поддршка за деца со ретки и специфични болести, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување<br>9-жени<br>0-мажи | Потрошени<br>30 000, 00 |

**Изработил: Елена Христовска**
**Соработник за здраствена, социјална и детска заштита**

**Одделение за јавни дејности**
**Раководител:Даниела Милошевска**

**Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот**
**Раководител: Даниела Велковска**